**Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе**
**ОТВОРЕНА ПОРТА / ЛА СТРАДА МАКЕДОНИЈА**

*Тел 02/2 700 107 *факс 02/2 700 367
*e-mail: lastrada@lastrada.org.mk *www.lastrada.org.mk



# Годишен извештај 2011

## Краток преглед на постигнувањата во 2011

Во историјата на секоја организација постојат датуми и години кои остануваат забележани затоа што зад себе оставаат неизбришлива трага. Така и 2011 година е година која за Отворена Порта беше мошне значајна од повеќе аспекти. Во целост се реализираше годишната програма која вклучуваше активности за лобирање и застапување, подигнување на свеста, превенција и едукација, како и обезбедување на помош и поддршка за тргуваните лица.

Во текот на 2011 година, 15 тргувани лица беа вклучени во програмата за заштита и социјална поддршка на Отворена Порта. Долгорочно сместување и дневно згрижување беше обезбедено за 9 штитенички, додека другите добиваа услуги надвор од прифатилиште. Во рамки на програмата за поддршка медицински третман и соодветна терапија беше обезбедена за 8 штитенички. Правна помош и застапување пред судски органи добиле 11 штитенички. Вклучување во процесот на образование е обезбедено за 5 штитенички, додека за две е обезбеден курс за стекнување со занаетчиски вештини.

Преку реализацијата на превентивни активности Отворена порта директно допре до 1300 деца и млади на возраст од 12 до 18години и обучи 300 професионалци (социјални работници, полиција, претставници од локална самоуправа, професори, невладини организации и итн) за идентификација упатување и превенција од трговија со луѓе. Дополнително СОС линијата обезбеди информација, советување и упатување до соодветни сервиси на 354 лица. Уште еден значаен аспект што ја обележа 2011 година е изработка на новиот тригодишен стратешки план за 2012-2014 година, со што се обезбеди неопходна подготовка за да се справи со новите предизвици. Во текот на изработката на стратегијата Отворена порта ја дополни својата визија и мисија и одреди 5 главни стратешки цели.

Како и секогаш Отворена Порта докажа дека има однапред смислени планови на делување во согласност со новите идентификувани потреби за целите групи, и висок капацитет за прилагодување на брзите промени кои се случуваат во општеството.

Во текот на 2011 година работата на Отворена порта беше признаена од индивидуалисти и нејзини долгогодишни соработници кои ги почитуваат и поддржуваат активностите кои што организацијата ги превзема во борбата против трговијата со луѓе. Од страна на нејзиниот соработник од Србија НВО АСТРА Отворена Порта беше наградена со пофалница за професионализам, отвореност и подршка.

Вкупниот буџет на Годишната програма на Отворена порта за 2011 изнесува 13 246 533,00 МКД, кој придонесе за квалитетна реализација на предвидената програма и активности.

### Национални кампањи за подигање на јавната свест за проблемот на трговија со луѓе

Во текот на 2011 година Отворена Порта спроведе две национални кампањи за подигање на јавната свеста и информирање на граѓаните за проблемот на трговија со луѓе. Првата кампања се спроведе по повод 18-ти октомври (Европскиот ден за борба против трговија со луѓе) , а втората по повод Неделата за борба против трговијата со луѓе од 2 до 9ти декември, кои беа поддржани од Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и Министерката за Внатрешни Работи. Кампањите се спроведоа во 10 града во Македонија (Скопје, Куманово, Св. Николе, Делчево, Струмица, Битола, Реканскиот крај, Тетово, Кичево, Струга), а активностите беа наменети за различни целни групи со цел актуализирање на проблемот на трговија со луѓе помеѓу младите, целокупната јавност и професионалците, информирајќи повеќе од 10 000 граѓани.

Имено, по повод одбележувањето на Неделата за борба против трговија со луѓе Отворена Порта во соработка со мрежата БУДНОСТ реализира 17 превентивни лекции, 14 форум театри и беше организиран еден ликовен и литературен конкурс во 15 средни и основни училишта во 9 градови во Македонија. Воедно, во 7 градови беа организирани тркалезни маси, координативни состаноци, трибини на кои учество зедоа повеќе од 140 претставници од локална самоуправа, полиција, социјални работници, НВО, трудова инспекција, медиуми, здравствени работници, одделението за превенција од МВР, царина, гранична полиција и јавно обвинителство. Централен настан од серијата предвидените настани за одбележување на неделата за борба против трговија со луѓе во Република Македонија беше трибината насловена како „**Главните предизвици во справувањето со трговијата со луѓе**‘‘, која што имаше за цел да стави акцент на главните предизвици со кои се соочуваат институциите и организациите особено во делот на идентификацијата и обезбедување на заштита за тргуваните лица .

По повод Европскиот ден против трговијата со луѓе, Отворена Порта подготви и публикуваше изјава која беше потпишана и подржана од сите организации членки на Националната мрежа за борба против трговија со луѓе-БУДНОСТ, преку која повикаа кон ефективна имплементација на сите усвоени мерки за спречување на трговијата со луѓе преку координирана и мулти -секторска соработка, како на национално, така и на локално ниво. Будност истовремено повика кон вложување на поголеми напори во расветлување на новите категории на трговија со луѓе, како што е трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација, активно спроведување на компензацијата како моќна казнена мерка против трговците со луѓе и како ретроактивна мерка за жртвите од трговија со луѓе, неопходна доследна примена на законските одредби кои се однесуваат на компензацијата на жртвите од трговија со луѓе и подобрување на ефикасноста на судскиот систем во остварувањето на ова право на жртвата.

Изјавата беше публикувана во печатениот дневен весник *Дневник* и воедно распространета до соодветните институции и други партнери и организации на национално и локално ниво. Воедно, волонтери на Невладините организации, членки на мрежата БУДНОСТ делеа материјали на фрефенктни места во 9 градови во Македонија.

**Покрената иницијатива за креирање на локални акциони планови за спречување на трговијата со луѓе.**

Отворена Порта покрена иницијатива за заедничка соработка на граѓанските организации, и локалната самоуправа, кон подобра идентификација, превенција и помош на тргуваните лица.

Иницијативата започна со еднодневна работилница во Скопје за развивање на Локални акциони планови за спречување на трговијата со луѓе. Учесници на работилницата беа 30 претставници на невладините оргнизации членки на Националната мрежа за борба против трговија со луѓе во Македонија- „Будност" како и претставници од Локалната самоуправа и Советите за превенција при СВР од 10 града во Македонија(Скопје, Куманово, Св. Николе, Делчево, Струмица, Битола, Реканскиот крај, Тетово, Кичево, Струга). Целта на работилницата беше да се иницира креирање и имплементација на локални акциони планови против трговијата со луѓе преку мултидисциплинарен пристап и партнерство на различни институции и организации на локално ниво.

Дополнително на локално ниво Отворена Порта во соработка со невладините оргнизации во 10те општини организираа тркалезни маси, координативни состаноци, трибини со цел продолжување на иницијативата. До крајот на 2011та , општината Ростуше-Рекански крај го подготви и усвои локалниот акциски план. Општина Струга,Тетово и Делчево создадоа локални акциони планови кои што се спроведуваат, главно, со поддршка на НВО и лобираат за нивно усвојување од страна на општините, додека општините Скопје, Куманово и Кичево се во фаза на создавањето на акциски тим кој ќе продолжи да работи на креирање на нацрт акционен план против трговијата со луѓе.

**Зголемена информираност и едукација на младите за трговијата со луѓе**

Од своето основање, Отворена Порта се стреми кон намалување на жртвите од трговија со луѓе преку едуцирање и информирање на младите и професионалците за постоечкиот проблем. Во 2011 беа спроведени 13 редовни превентивни лекции во основни и средни училишта во Скопје и 2 форум театри преку кои беа опфатени околу 500 млади. Воедно, Отворена Порта спроведе дводневна обука за врснички едукатори на тема превенција од трговија со луѓе за 17млади од 8 средни училишта од Скопје. Овие млади едукатори понатаму ќе продолжат да ја шират превенцијата помеѓу своите врсници.

Покрај обуката за средношколци, Отворена Порта спроведе и обука за Превенција од трговија со луѓе наменета за наставниот кадар од 15 основни училишта од Општина Кисела Вода и Општина Аеродром на која што учествуваа 21 претставник од различни профили, предметни наставници, дефектолози, психолози и педагози. Обуката имаше за цел да ги зголеми знаењата и сензибилноста на професионалците во поглед на трговијата со луѓе како и да ја зголеми нивната улога во процесот на идентификација, упатување и превенирање на случаи на трговија. Како резултат на обуката, наставници реализираа 21 превентивна работилница едуцирајќи повеќе од 300 деца од 9 основни училишта.

**Придонес на Отворена Порта во унапредување на образовниот систем**

Во текот на 2011 Отворена Порта им овозможи на 10 студенти од Институтот за Социјална работа и Социјална политика при Филозофскиот факултет од Скопје 3 месечна практична работа во Отворена Порта. За овие практиканти беа организирани и две обуки на следниве теми: Обезбедување социјална асистенција на тргуваните лица“ и Работа на СОС линија за помош од трговија со луѓе“ .

Воедно 60 студенти од педагошкиот факултет од Скопје, Тетово, Штип и Филозофскиот факултет- Институт за социјална работа и социјална политика од Скопје преку тридневна обука беа информирани и едуцирани за трговијата со луѓе.

Имено реализираните активности се дел од имплементацијата на меморандумот за соработка потпишан со Филозофскиот факултет од Скопје во 2010 кој е наменет за развој на практиканство и унапредување на практичните вештини на идните професионалци -студенти по социјална работа и социјална политика. Овој меморандум покажува дека Отворена Порта е идентификувана како организација која може да им понуди квалитетни волонтерски и практикантски програми за студентите.

На барање на Бирото за развој на образование, Отворена Порта изготви 300 копии од филмот „Ти си жива,, кој што беше дистрибуиран во 100 средни училишта во Македонија, со цел да се зајакне превенцијата од трговија со луѓе помеѓу младите кои што се идентификувани како најризична категорија. Имено филмот „Ти си жива‘‘ беше одбран од Бирото за развој на образованието како алатка која ќе се користи од страна на професорите за информирање и едукација на учениците од основните и средните училишта во Македонија.

.

**Отворена Порта потпиша меморандум со МТСП со цел обезбедување на услуги во државното прифатилиште за жртви на трговија со луѓе.**

Отворена Порта беше одбрана и повикана да работи во државното прифатилиште за да ја спроведува психо-социјална програма за помош на тргуваните лица. Соработката беше официјализирана со потпишување на Меморандум за Соработка помеѓу Отворена Порта и Министерството за Труд и Социјална Политика. Меморандумот ги регулира правата и обврските помеѓу потписничките, односно начините на меѓусебна соработка. Отворена Порта според Меморандумот ги обезбедува сите трошоци во однос на активностите кои се однесуваат директно за жртвите од трговија со луѓе. Исто така обезбедува персонал кој ќе работи во смени 24 ч. на ден и спроведува активности во однос социјалната програма за жртвите од трговија со луѓе. Министерството за Труд и Социјална политика со Меморандумот се обврзува да ги обезбеди сите режиски трошоци во однос на функционирање на прифатилиштето.

**Обезбедена помош , поддршка и заштита на тргуваните лица**

Исто како и изминатите години, тргуваните лица кои беа вклучени во програмата за заштита и социјална поддршка и оваа година имаа пристап до голем број на специјализирани услуги. Беше обезбедена: Медицинска помош – медицински прегледи за жртвите преку посета на општ лекар или специјалист во зависност од потребите; Соодветен психотерапевтски третман (индивидуални или групни сесии); Основна и специјализирана правна помош; Овозможување на контакти со семејството; Помош при вадење на лични документи итн. Во текот на престојот, Отворена Порта им овозможи на тргуваните лица учество во различни активности, креативни работилници, рекреативна програма итн.

Во текот на 2011 година, 15 штитенички беа вклучени во програмата за заштита и социјална поддршка на Отворена Порта. Долгорочно сместување и дневно згрижување беше обезбедено за 9 штитенички, додека другите добиваа услуги надвор од прифатилиште.

Во рамки на програмата за поддршка медицински третман и соодветна терапија беше обезбедена за 8 штитенички. Правна помош и застапување пред судски органи добиле 11 штитенички. Вклучување во процесот на образование е обезбедено за 5 штитенички, додека за две е обезбеден курс за стекнување со занаетчиски вештини.

**Спроведено истражување за постоечките механизмите за компензација за жртвите од трговија со луѓе**.

Со истражувањето се утврдија недостатоците во правната постапка и се создадоа препораки за надминување на недостатоците. Препораките беа претставени пред јавните обвинители, истражните судии, адвокати како и претставници од Министерството за Внатрешни работи, Министерството за Труд и социјална политика/ НМУ и различни невладини организации кои во своето работење се залагаат за спроведување на законските рамки во однос на трговијата со луѓе. Како резултат на произлезените препораки од истражувањето, претставник на Отворена Порта беше поканет да учествува на работилница организирана од страна на здружението за судии и обвинители, на тема „Ефективно спроведување на законите во случаите на трговија со луѓе“, каде што беа презентирани препораките и беше развиена плодна дискусија за начините на ефективна имплементација на истите. Во ноември 2011 во случај на трговија со луѓе каде жртвата е вклучена во програмата за социјална заштита вклучувајќи и правно застапување беше превземена мерката конфискација на имот што упатува на поактивно искористување на оваа мерка од страна на правосудните органи.

**Покрената иницијатива за проактивна идентификација на принудната работа и трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација**

Согледувајќи ја потребата за обезбедување на подобар пристап на работниците до квалитетни услуги и зајакнување на системот на упатување на тргуваните лица, Отворена Порта во ноември 2010 започна со спроведување на едногодишниот пилот проект ,,Превенција од екстремно прекршување на работничките права‘‘Проектот беше насочен кон воспоставување соработка помеѓу Отворена Порта и Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија (УНАСМ) во борбата против трговијата со луѓе и зголемување на свеста за различните форми на трговија со луѓе и експлоатацијата на трудот меѓу членовите на синдикат. Како производ од овој проект беше изготвена анализа на постоечките капацитетите и подготвеноста УНАСМ за спроведување на активности и програми против трговија со луѓе и принудна работа во Македонија. Со анализата се дојде до сознанија околу присутноста, перцепциите и ставовите за трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација, принудната работа и трудовите права и воедно се идентификуваа области на соработка помеѓу Отворена Порта и УНАСМ. Едногодишната соработка на Отворена Порта со УНАСМ резултираше со креирање на заеднички акционен план за адресирање на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација. Воедно, Отворена Порта креираше и испечати 20 000 примероци на превентивно-информативен материјал наменет за подигање на свеста за трудова експлоатација на работниците. Примероците ќе се делат во специфични сектори помеѓу работниците.

**Зголемени организациски и професионални капацитети**

Подобрувањето на индивидуалниот и организациски портфолио на Отворена Порта е интегративен дел од генералната стратегија за менаџмент со работниот кадар и со ресурсите што се користат за остварување на целите во организацијата. Затоа, Отворена Порта од своето формирање вложува во развојот на капацитетите на својот персонал преку учество на специјализирани обуки, работилници, студиски посети, семинари, конференции и други начини на надградба на своите знаења.

Вредни за споменување студиската програма за запознавање со системот за борба против трговија со луѓе во Обединетите Американски Држави и програма на Harvard Kennedy School за Стратешки менаџмент на лидери од невладините организации.

Отворена Порта, во изминатата година учествуваше и во обуките организирани во рамките на Академијата на одржливост, кои ги опфатија следниве теми: проектен менаџмент, менаџмент на човечки ресурси, финансиски менаџмент, стратешко планирање, прибирање на финансиски средства, застапување и лобирање, градење на тимот и сл. Воедно Отворена Порта беше дел и од други најразновидни обуки кои придонесуваат за стручен и ефикасен одговор на потребите на целните групи.

**Соработка на Отворена Порта со медиумите**

Имајќи ги предвид улогата и значењето на медиумите во општеството, Отворена Порта во 2011 година продолжи да ги негува постојаните и стабилни односи со медиумите кои ги гради со години. Истовремено Отворена Порта перманентно и ги унапредува инструментите за комуникација со сите целни групи градејќи проактивен однос кон медиумите како главно средство за пренесување на своите пораки до целните групи. Во 2011 Отворена Порта искористи повеќе инструменти и активности за комуникација: соопштенија до јавноста, веб страна, прес конференции, трибини, изјави, интервјуа, издавање на електронски информатори, специјални настани и други методи кој овозможија на успешен начин да ја информираат јавноста за проблемот од трговија со луѓе. Па така вкупно се регистрираа 40 објави во електронските и печатените медиуми. Преку навремена и редовна комуникација со медиумите јавноста беше информирање за проблемот од трговија со луѓе, нејзиното ширење и потенцијалниот ризик што овој проблем го носи како и можностите за превенција од истиот. Издавањето на печатени публикации (2 лифлети, годишник, истражување за компензација на тргуваните лица и други превентивни материјали) исто така беа дел од работата на организацијата во текот на изминатата година. Преку печатените публикации Отворена Порта ја распространуваше својата работа со цел да допре до пошироката јавност, да ја подигне јавната свест за проблемот на трговија со луѓе, ја исполнуваше својата мисија и при тоа ги почитуваше основните човекови права.

**Главни проекти и донатори за 2011 година**

**Институционален грант преку CIVICA Mobilitas**
**Период на имплементација:** 01/01/2011-31/12/2011
**Цел на институционален гранд**: Финансиска поддршка на годишната програма на Отворена Порта за 2011 година насочена кон спроведување на активности за јакнење на организациските капацитети, превенција и едукација, помош и поддршка на тргуваните лица и застапување и лобирање.

**Име на проектот:** ***Локален одговор на трговијата со луѓе***
**Соработници во проектот**: Национална мрежа за борба против трговија со луѓе “БУДНОСТ„
**Период на спроведување** Февруари 2011 – Февруари 2012
**Цел на проектот:** The overall goal of the proposed intervention is to provide stronger civil society organization in Macedonia to reduce trafficking in human beings, raise public awareness and strengthen citizen/government cooperation to improve support to potential and trafficked persons.
**Донатор:** Европска Комисија

**Име на проект**: ***Обезбедување на помош и заштита на жртвите од трговија со луѓе***
**Период на спроведување**: Април - Декември 2011
**Цел на проектот:** Обезбедување на заштита и економско јакнење на жртвите од трговијата со луѓе преку поддршка за функционирање на државното прифатилиште кое овозможува сместување, медицинска и правна помош како и оспособување со реинтеграциони способности за жртвите. **Донатор:** Генерален Секретарјат при Владата

**Име на проектот**: ***Обезбедување на услуги за реинтеграција на жртви на трговија со луѓе***
**Период на имплементација**:01/01/2011-31/12/2011
**Цел на проектот** : Обезбедување на заштита и економско јакнење на жртвите од трговијата со луѓе преку поддршка за функционирање на државното прифатилиште кое овозможува сместување, медицинска и правна помош како и оспособување со реинтеграциони способности за жртвите.
**Донатор**: Швајцарска организација Christliche Ostmission

**Име на проектот**: ***Превенција од екстремно прекршување на работничките права***
**Период на имплементација:** 20/10/2010-20/11/2011
**Цел на проектот**: Идентификување на областите на можна соработка меѓу Отворена Порта и Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија (УНАСМ) за решавање на прашањето на трговијата со луѓе, со фокус на трудова експлоатација, создавање на заедднички акционен план и подигање на информираноста за трговијата со луѓе.

**Име на проектот :** ***Европска Акција за компензација на тргуваните лица***
**Период на имплементација:** 01/07/2010 – 30/06/2011
**Цел на проектот:** Да се воведе Компензацијата - надоместок на штета во националните мерки против трговијата со луѓе и во меѓународните политики, и развој на алатки и инструменти за спроведување на овие мерки, обезбедувајќи пристап на тргуваните лица до надомест на штета.

**Име на проектот:** ***Зајакнување на капацитетите на идните професори и социјални работници во мулти-етничка средина***
**Период на имплементација:** 01/10/2011-31/12/2011
**Цел на проектот:** Надградат на капацитетите и знаењата на студентите за работа со деца во мулти-етничка средина и овозможување на практична работа во невладини организации.

**Име на проектот**: ***Партнерска акција против трговија со луѓе (РААТ) во Југоисточна Европа (ЈИЕ)***
**Период на имплементација**: Јануари 2010 – Јуни 2011
**Цел на проектот**: Да се придонесе за стабилноста, демократизацијата и почитувањето на владеењето на правото во југоисточна Европа преку промоција на усогласување со правните регулативи на ЕУ во напорите да се практикуваат правата на жртвите на трговија со луѓе

**Име на проектот**: ***"Програмата за реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе во Република Македонија"***
**Период на имплементација:** Април, 2010 - март 2011 година
**Цел на проектот:** Обезбедување на помош и поддршка на тргуваните лица, со цел нивна успешна реинтеграција во социјалната средина.
**Донатор**: Фондацијата Крал Бодуен